Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0202-109/5
28.02.2014 200 _год.
РАДОВИШ

Врз основа на член 15 од Статутот на ЈП Плаваја Радовиш, а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РМ бр. 13/06, 86/08 и 6/2010) и член 3 од Упатството за начинот и постапката за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Управниот Одбор на ЈП Плаваја Радовиш на одржаната седница на ден 26.02.2014 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за утврдување на листа на информации од јавен карактер

**член 1**

Со оваа одлука се утврдува листата на информации од јавен карактер кои ги создал и со кои располага Јавното претпријатие за комунални дејности Плаваја Радовиш, согласно со своите надлежности.

**Член 2**

Се утврдува листа на информации од јавен карактер со кои располага ЈП Плаваја Радовиш:

1. Спроведени јавни набавки
2. Организациона шема
3. Формулари
4. Ценовник на услуги
5. Одлуки на У.О на ЈП Плаваја Радовиш кои ги се однесуваат на правата и обврските на корисниците на услигите.

**Член 3**

Имателот на информации според потребите и создавањето на информации навреме ќе ја ажурира листата на информации од јавен карактер.

**Член 4**

Листата на информации од јавен карактер се објавува на веб страница и за бараните информации имателот има право да наплати надометсок за

материјалните трошоци за дадената информација доколку се сторени при давањето на информацијата согласно донесената Одлука за утврдување на надоместокот за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации на Владата на Република Македонија под бр. 19-6310/1 од 24.12.2006 година.

**Член 5**

Директорот на ЈП Плаваја определува простор за увид во информациите и должен е да ги обезбеди сите потребни услови за примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Образложение**

Согласно член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации е должен редовно и ажурно да води листа на информации и да го објави на начин достапен до јавноста (интернет страници, огласна табла и др.)

Согласно член 11 од истиот закон имателот на информации е должен да обезбеди простории за увид во документацијата, согласно член 36 имателот е должен да ја информира јавноста за начинот и условите за пристап до информации, а согласно член 16 став 1 е должен да го обезбеди образецот за барање на информација и да го проследи до барателот, поради сето погоре наведено У.О на ЈП Плаваја Радовиш одлучи како во диспозитивот.

ЈП Плаваја – Радовиш

Управен одбор

Претседател

Јавно претпријатие за комунални дејности ПЛАВАЈА П.О. Радовиш

Марјан Тасев

До ____________________________________________
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (”Службен весник на Република Македонија бр. 13/2006, 86/2008 и 6/2010„) , од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
а) увид,
б) препис,
в) фотокопија,
г) електронски запис,
д) друго ____________________________________________________________________
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

а) по пошта,
б) телефон,
в) факс,
г) е-маил,
д) друго ____________________________________________________________________
( се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата : ___________________________________________________
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник/полномошник на барателот на информацијата:_____________________________
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе причинте за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во_________________

Датум___________ 20____ година                    ___________________
(с.р. потпис)